Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 21.07.2023

На 20.07.2023 на ул.„Караорман" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Д.Ц.(22) од Битола. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од шест години и три месеци за сторени кривични дела по член 238, 242, 236 и 396 од Кривичниот законик. Д.Ц. бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Прилеп за издржување на казната. Инаку, при лишувањето тој физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија за што ќе му биде поднесена соодветна пријава.

На 21.07.2023 од 01.00 до 02.30 часот на паркинг простор зад угостителски објект во тетовско Жеровјане, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 33-годишниот А.Х. од Дебар, затоа што кај него биле пронајдени и одземени 42 пакувања кокаин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (21.07.2023) во кругот на црквата „Св.Архангел Гаврил" на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода З.К.(35) од Скопје. Тој бил фатен веднаш по извршување кривично дело тешка кражба во црквата, при што одзел повеќе предмети. Кај него биле пронајдени одземените предмети и ке бидат вратени. З.К. бил задржан во полициската станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 20.07.2023, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Ф.М.(32) од Скопје. Тој бил затекнат при извршување на разбојничка кражба на подрачјето на Кисела Вода, при што одзел велосипед. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а Ф.М. бил задржан во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот, Одделението за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода ќе поднесе соодветна пријава.

На 20.07.2023, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Чаир извршиле службен разговор со Б.Д.(23) од Скопје, Ј.Р.(23) од Штип, со живеалиште во Радовиш и А.С.(19) од Штип. Тие се сомничат дека на 19.07.2023 извршиле тешка кражба при што од Б.З. одделе предмети. Од них биле одземени предмети поврзани со кривичното дело. По целосно документирање на случајот против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2023, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Г.К.(40) од Струмица. Тој се сомничи дека во текот на денот извршил тешка кражба, при што ја возилото на Д.Н. одзел паричник. Кај него бил пронајден паричникот, а биле пронајдени и предмети кои потекнуваат од тешка кражба во здравствена установа во село Водоча, струмичко и тешка кражба, при што од Б.Ц. одзел личен предмет. Пронајдените предмети биле вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

Полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Горче Петров расчистија кривично дело разбојничење извршено на 04.08.2022 во продавен објект на ул.„Горче Петров" во Скопје. Притоа, во врска со случајот на 05.08.2022 од слобода беа лишени Л.Ј., на кој му фали одредена мерка притвор и Ш.И., кој бил вратен во казнено-поправна установа каде издржува затворска казна. Додека, врз основа на слобода бил лишен М.И.(19) од с.Крушопек, скопско и во неговиот дом бил извршен претрес со судска наредба. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни пријави.

На 20.07.2023, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода расчистија кривично дело „тешка кражба" извршена на 09.05.2023, при што на ул.„Пушкинова" од возилото „хонда" со српски национални ознаки, сопственост на Н.А.(57) од Скопје беа одземени регистарски таблички. Во врска со настанот, вчера, по консултација со јавен обвинител, во Казнено – поправната установа Скопје бил извршен службен разговор со Л.Д.(29) од Република Србија, кој издржува мерка притвор во установата. Имено, на 09.07.2023 при контрола во возило „ауди" на граничниот премин Богородица, кое го управувал, биле пронајдени лица мигранти, а било констатирано дека регистарските таблички кои биле ставени на неговото возило припаѓаат на возилото на Н.А.. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2023 на ул.„8" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода Е.Т.(25) и А.А.(31), двајцата од Битола, затоа што при извршен преглед, кај Е.Т. биле пронајдени и одземени марихуана, амфетамин, вага и други предмети. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.07.2023 околу 15.15 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 31-годишниот тетовец Н.К. поради сомнение за негово инволвираност во „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". По целосно документирање на случајот на Н.К. ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (20.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 213 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 111 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, 10 санкции за прекршоци што ги прават возните на мотоцикл. Изречени се десет мерки за користење на мобилен телефон при возење и пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

Вчера (20.07.2023) во периодот од 12.00 до 18.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 81 возач. Од вкупно 81 возач, 59 возачи ја пречекорале брзината во населено место, а 22 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 20.07.2023 во 20.00 часот во ОВР Прилеп било приведено дека на ул.„Дебарца" во Прилеп, малолетник од Прилеп, управувајќи велосипед, изгубил контрола и удрил во ограда. Во несреќата, малолетникот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

Секторот за внатрешни работи Тетово, вчера (20.07.2023) од 12.00 до 18.00 часот спроведе акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 70 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (TE-SB и ГВ-12). Пет од прекршоците (TE) биле за повеќе од 70 километри на час над дозволеното, а 26 (TE) за 50 до 70 километри на час. Покрај ова, санкционирани се и 22 (TE) прекршоци за движење на возила со поголема брзина од пропишаната во населено место, како и 2 (TE) други видови сообраќајни прекршоци. На возачите-прекршители изготвени им се поднесоци по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и тие ќе се соочат со парични глоби кои, зависно од големината на пречекорувањето, се движат од 45 до 400 евра во денарска противвредност. Оние кои биле значително пребрзи ги очекува и мерка времено одземање на нивните возачки дозволи од три месеци до една година.

На 20.07.2023 околу 02.00 часот во СВР Охрид било приведено дека на регионалниот пат во Струга, во близина на мост од реката Сатеска, Б.П.(43) од Охрид, управувајќи патничко возило „голф" со охридски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал надвор од коловозот. Во несреќата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид, додека со телесни повреди се здобил сопатникот Ј.Ѓ.(37). Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 20.07.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 52 прекршоци, од кои 39 надвор од населено место и 13 во населено место. Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци.

На 20.07.2023 полициски службеници од ОВР Радовиш ги лишиле од слобода Т.Ј. од Радовиш. При претрес извршен со судска наредба во дом и други простории во Радовиш, сопственост на Т.Ј., биле пронајдени бела прашкаста материја, метална дробилка со остатоци од растителна материја, 9 парчиња маневарска муниција и една пушка, кал.4,5мм. При претресот во куќата затекнала била В.М. од радовиш, која била повикана на службен разговор во полициска станица. Во координација со Јавен обвинителот од ОЈО Радовиш, по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2023 во 22.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.07.2023 во 21.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесен кривична пријава против М.С.(31) од Демир Капија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измуда" по член 258 од Кривичниот законик. Тој се сомничи дека во повеќе наврати упатила закани кон Г.Р. (45) од Скопје и од него изнудила да и исплати над 60.000 денари. М.С. била лишена од слобода и во координација со јавен обвинител против нея е поднесена пријавата, додека од судија на претходна постапка е била определена мерка притвор во траење од 30 дена.

Во текот на вчерашниот ден (20.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 650 возачи. Од нив 52 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а седум возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 322 возила ја пречекорале брзината во населено место, а 328 надвор од населено место.

Денеска (21.07.2023) во 04.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Л.Н.(50) од Скопје приведе дека на 20.07.2023 околу 23.00 часот бил пронајден нејзиниот брат Ј.Д.(40), за кој истиот ден беше приведено дека се одалечил од домот.

На 20.07.2023 во 21.40 часот во Полициската станица Драчево, Р.Б.(81) од Скопје приведе дека на ул.„Славка Динкова" била касната од куче скитник.

Денеска (21.07.2023), полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С. од скопско село, затоа што физички го нападнал својот татко и му се заканувал со остар предмет, додека го во соба. Лицето било задржано полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Х.Ј.(30) од С.Ливошта, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, продавање и трговање со оружје или експлозивни материи" и „фалсификување на огнено оружје". На 18.03.2022 полициски службеници извршиле претрес во домот на приведеното, при што пронашле и одзеле ловечки карабин „Црвена заставa" калибар 8x57 mm со избришан фабрички број и 56 куршуми различен калибар.

На 20.07.2023 во 09.00 часот во Полициската станица Драчево, С.С.(52) од Скопје приведе дека на ул.„Живко Фирфов" била касната од куче скитник.

На 20.07.2023 во 21.59 часот во СВР Скопје било приведено дека на подрачјето на Кисела Вода, Ј.Г.(30) физички го нападнал неговиот сосед Ѓ.М.(73), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 20.07.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје било приведено дека на подрачјето на Аеродром, по претходни недоразбирања, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.Ф.(31) и Х.Б.(37), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (12.07.2023) во 03.10 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправна установа Затвор Скопје било приведено дека околу 02:30 часот во затворот настанала физичка пресметка помеѓу неколку осуденици, при што со повреди се здобил еден осуденик, кој бил пренесен во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (21.07.2023) околу 01.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Х.(43) од Скопје, затоа што се одвивала агресивен и се обидел со остар предмет да нападне полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.07.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Чаир, К.О.(65) од Скопје приведе дека во кругот на пробишта „Бутел" била касната од куче скитник.

На 20.07.2023 во 18.15 часот во СВР Скопје, С.С.(32) од Скопје приведе дека околу 11.00 часот на подрачјето на Карпош нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Э.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Имено, Е.Э. набавил фалсифицувана македонска возачка дозвола за управување со моторни возила од категориите „В", „F", „G" и „М" и ја употребил при управување возила во Кралството Белгија. Поради сторен сообраќаен прекршок во Белгија, на Е.Э. му била одземена дозволата и доставена до надлежните служби во државата, по што било утврдено дека е фалсифицувана.

На 20.07.2023 во Полициската станица Кисела Вода било приведено дека кај место викано „Теферич" во Скопје, од полициски службеници при МВР било пронајдено тело на починато машко лице. Увид на местото извршине екипа на СВР Скопје и јавен обвинител, по чија наредба телото било дадено на обдукција.

На 19.07.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје, Г.А.(51) од Скопје приведе дека на 15.07.2023 околу 01.30 часот на подрачјето на Горче Петров, неколку лица, од кои две ги познавал, физички нападнале малолетник, кој бил под нејзино старателство. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2023 во 18.45 часот во Полициското одделение Петровец, Д.Б.(34) од Скопје приведе дека во с.Огњанци бил каснат од куче скитник.

На 20.07.2023 во 22.15 часот во СВР Скопје, Л.З.(61) од с.Глумово, скопско, приведе дека во доврот од неговиот дом од заталкан куршум било оштетено неговото патничко возило „лежо 407", со швајцарски национални ознаки. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.07.2023 во 22.00 часот во Полициската станица Аеродром, В.Н.(46) од Скопје приведе дека на ул.„Бојниќа" била касната од куче скитник.

Сајт е изработен од страница на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет